**Покана за работен состанок со претставници на граѓански организации**
Партнерство за отворена локална власт 2024 – 2028

*31 октомври, 2024 г. (четврток)*
*10:30 часот*
*простории на Оптшина Кисела Вода*

Почитувани,

Во 2024 година, Општина Кисела Вода беше избрана за членка на глобалното Партнерство за отворена локална власт (Open Government Partnership Local), платформа која има за цел да овозможи здружување на локалните власти и граѓаните за да ги направат општините и управувањето со општините отворени, инклузивни и респонзивни на барањата на граѓаните. Во моментов во Партнерството за отворена локална власт членуваат 75 држави и преку 100 локални самоуправи.

Во претстојниот период, со вклученост на граѓаните и граѓанските организации, Општина Кисела Вода ќе го развива прввиот акциски план кој ќе се фокусира на две заложби: јакнење на транспарентноста на општината и зголемување на дигиталното учество на граѓаните во процесите на општината.

За таа цел, Ве покануваме на работен состанок со претставници од граѓански организации чија цел ќе биде давање на препораки, сугестии и мислења на општинските власти за тоа како општината може да ја подобри успешноста во работењето во областите транспарентност и дигитално учество и да биде уште поотворена кон граѓаните. Средбата ќе се одржи на **31 октомври 2024 г. (четврток)** во **просториите на Општина Кисела Вода** со почеток во **10:30 часот**.

Ве покануваме да номинирате претставник од Вашата организација кој ќе присуствува на состанокот и ќе презентира наоди и препораки од Вашите истражувања во овие две области во врска со перформансот на Општина Кисела Вода, врз основа на кои ќе бидат дизајнирани мерките во акцискиот план. Ве молиме за потврда на присуство најдоцна до 29 октомври (вторник) на мејл адресата XXX. Во просторијата ќе има можност за проектирање.

Однапред Ви благодариме за интересот да учествувате на средбата.

Со почит,

Орце Ѓоргиевски
Градоначалник на Општина Кисела Вода